| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Инсектите во пролет |
| **Содржина на денот** | Пролетни цвеќиња |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Штербинска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Утринска гимнастика.<br>- Вежби за правилно дишење. |
| **Активности** | Преку воведен разговор за „Пролетта и пролетните цвеќиња“ и нивното именување и опишување, детето се воведува во активноста. Доколку имате можност во вазна ставете неколку пролетни цвеќиња или пак покажете му слики и апликации на детето за да се потсети на нивниот изглед и карактеристики. Потоа на ЦД плеер ја пуштате песната „Пролетни цвеќиња“- Поточиња 2017 и детето слушајќи ја се потсетува на музиката и текстот. Бидејќи активноста се изведува во домашни услови поради недостиг на потребни материјали и реквизити за изведување на активноста ,место орфови инструменти за реализирање на активноста можете да се послужите со некои домашни реквизити и сл. На пример мало тенџерче и дрвена лажица би го замениле барбанчето, во мало стаклено шишенце можете да ставите семиња од гравче или леќа и при негово протресување би испуштало звук сличен на тропалките и останати домашни кујнски предмети и реквизити кои би ни помигнале за успршно изведување на активноста секако. Детето се обидува да ја подржува изучената песна со овие инструменти во согласност со ритамот и темпото на песната и воедно го развива слухот кон музиката. Кај детето можете да забележите изразување на позитивни емоции од успешно завршената активност. |